РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
ПРИМЕНО
Бр. 
23-06 2025 год.
ШТИП

ОД

ОШТЕТЕНИОТ

МУСТАФА ХАЈРУЛАХИ

ВИШ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ НА ВИШОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО СКОПЈЕ,

ДО

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ШТИП

ДО

ВИШО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ШТИП-за Виш јавен обвинител на Вишо јавно обвинителство Штип-Ристо Бојаџиски

Врз основа на чл.274 ст.1 од Законот за кривична постапка поднесувам

КРИВИЧНА ПРИЈАВА

ПРОТИВ:

1. ТАТЈАНА КАЦАРОВА-Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Штип и јавен обвинител кој постапува во кривичнио предмет на ОЈО Штип КО бр. 452/24
2. Даниела Коцева Паунова-вработена во ОЈО Штип како записничар

**ЗАТОА ШТО:**

Пријавената Татјана Кацарова како службено лице на 05.11.2024 година во просториите на Основното јавно обвинителство Штип, во Штип, со умисла извршила повеќе временски поврзани дејствија што претставуваат повеќекратно остварување на исто дело и исти прилики, при што била помогната од пријавената Даниела Коцева-Паунова, како записничар од Основното јавно обвинителство Штип со тоа што пријавената Татјана Кацарова во службена исправа -Записникот за испитување на сведок Валентина Калинковска под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година, Записникот за испитување на сведок Жаклина Никодиновска под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година, Записникот за испитување на сведок Ружица Јосифова под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година и Записникот за испитување на сведок Даниела Лапе под КО бр. 452/24 од

05.11.2024 година, внела невистинити податоци и наведените службени исправи со невистинита содржина ги заверила со со својот потпис и со службен печат на Основното јавно обвинителство Штип и ги употребила како доказ во кривичниот предмет на ОЈО Штип КО бр.452/24, додека пак пријавената Даниела Коцева Паунова, и ставила средства за располагање за извршување на кривичното дело на начин што- пријавената Татјана Кацарова како основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Штип која записниците за испитување на сведоци ги составувала преку пријавената Даниела Коцева Паунова како записничар од Основното јавно обвинителство Штип, таа ги внесувала со компјутерско запишување на невистинити податоци во предметните записници, а истите иако не ги содржеле потребните потписи, пријавената Татјана Кацарова како јавен обвинител кој постапува во кривичниот предмет на ОЈО Штип КО бр.452/24, ги заверила со својот потпис како основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Штип и како јавен обвинител кој постапувал во кривичниот предмет ОЈО Штип КО бр.452/24, и со службен печат на Основното јавно обвинителство Штип, па така:

иако на првата страна од Записникот за испитување на сведокот/оштетена Валентина Калинковска заведен под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година, отсуствувале потписите од сведокот, јавниот обвинител и записничарот, и во истиот невистинито првопријавените како јавен обвинител со диктирање преку второпријавената како записничар во овој записник ги внеле невистинитите зборови ***„Испитувањето на сведокот започна во 20.00 часот,***, а на последната страна од Записникот и невистините зборови ***„Испитувањето на сведокот заврши во 21.08 часот“***, пријавената Татјана Кацарова, како јавен обвинител кој постапувал во кривичниот предмет на ОЈО Штип КО бр.452/24 и второпријавената Даниела Коцева Паунова , како запсиничар од Основното јавно обвинителство Штип, го потпишале овој записник и го завериле со печат на Основното јавно обвинителство Штип со што овозможиле правење исправа со невистинита содржина- **Записник за испитување на сведокот Калинковска Валентина , заведен под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година;**

иако на првата страна од Записникот за испитување на сведокот/оштетената Жаклина Никодиновска, заведен под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година, отсуствувале потписи од овој сведок, и од јавниот обвинител , кој постапувал во кривичниот предмет на ОЈО Штип КО бр.452/24 , пријавената Татјана Кацарова, а од записничар воопшто не било наведено ни име ни презиме, во истиот првопријавената како јавен обвинител ги внела следниве невистинити зборови ***„Испитувањето на сведокот започна во 20.26 часот“,*** па на последната страна од Записникот исто така ги внела и овие невистини зборови ***„Испитувањето на сведокот заврши во 20.58 часот “*** по што пријавената Татјана Кацарова, како основен јавен обвинител на ОЈО Штип, но и јавен обвинител кој постапува во кривичниот предмет на ОЈО Штип КО бр.452/24, го потпишала овој записник и го заверила со службениот печат на Основното јавно обвинителство Штип со што овозможила правење исправа со невистинита содржина- **Записник за испитување на**

**сведок-оштетен Жаклина Никодиновска, заведен под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година;**

иако на првата страна од Записник за испитување на сведокот/ оштетената Ружица Јосифова под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година, отсуствувале потписи од сведокот Ружица Јосифова , пријавената Татјана Кацарова, како потпис на јавен обвинител кој го водел испитувањето, а ниту пак било наведено име и презиме на записничарот кој го составувал записникот, пријавената Татаjана Кацарова внела невистинити податоци: ***„Испитувањето на сведокот започна во 21.03 часот.“*** а на последната страна од Записникот и следниве невистините податоци ***„Испитувањето на сведокот заврши во 22.23 часот “*** , па пријавената Татјана Кацарова со свој потпис како јавен обвинител на ОЈО Штип и јавен обвинител кој го води кривичниот предмет во ОЈО Штип заведен под КО бр.452/24 го потпишала записникот и го заверила со службен печат на Основното јавно обвинителство Штип, со што овозможила правење исправа со невистинита содржина - **Записник за испитување на сведок-оштетен Ружица Јосифова под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година;**

иако на првата страна од Записникот за испитување на сведокот/оштетената Даниела Лапе, заведен под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година, отсуствувале потписи на овој сведок, јавниот обвинител Татјана Кацарова како јавен обвинител кој го извршувал испрашувањето и од второријавента Даниела Коцева Паунова, како записничар, првопријавената со диктирање преку второријавената ги внела следниве невистинити податоци: ***„Испитувањето на сведокот започна во 21.15 часот„*** и на последната страна од Записникот исто така ги внела и овие невистинити податоци ***„Испитувањето на сведокот заврши во 21.55 часот“*, по што пријавената Татјана Кацарова, како основен јавен обвинител на ОЈО Штип, но и јавен обвинител кој постапува во кривичниот предмет КО бр.452/24 го заверила истиот со свој потпис како јавен обвинител кој го извршил испитувањето, на истиот се потпишана и второријавената** Даниела Коцева Паунова, како записничар, а на овој записник името и презимето на сведокот/оштетена Даниела Лапе биле допишани со рачен ракопис, со хемиски молив, покрај кои имало и краток потпис, па ваквиот записник бил заверен со службен печат на Основното јавно обвинителство Штип, со што овозможила правење исправа со невистинита содржина- **Записник за испитување на сведок КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година, по што ваквите записници и послужиле како докази во кривичната постапка во предметот на ОЈО Штип КО бр.452/24 и врз основа на истите, таа крајно непрофесилнално и спротивно на законските норми донела Наредба за спроведување на истражна постапка против Мустафа Хајрулахи, виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје за кривично дело Малтретирање во вршење на службата од член Малтретирање во вршење на служба од чл.143 в.в. со чл.45 од Кривичниот законик**.

Со кои дејствија пријавената Татјана Кацарова од Штип сторила кривично дело Фалсификување службена исправа од член 361 ст.1 вв со чл.45 од Кривичниот законик, а пријавенатата Даниела Коцева Паунова кривично дело од член 361 ст.1 вв со чл.45 вв со чл.24 од Кривичниот законик.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Пријавената Татјана Кацарова како основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Штип, но и јавен обвинител кој постапувал во кривичниот предмет КО бр. 452/24 на 05.11.2024 година составувајќи ги службените исправи Записникот за испитување на сведок и истата ја користеле како вистинска : Записникот за испитување на сведок Валентина Калинковска под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година, Записникот за испитување на сведок Жаклина Никодиновска под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година, Записникот за испитување на сведок Ружица Јосифова под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година и Записникот за испитување на сведок Даниела Лапе под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година, со диктирање на текстот на содржината на записникот, преку пријавената Даниела Коцева Паунова записничар од ОЈО Штип внеле невистинити податоци во истите, па потоа истите ги потпишале и завериле си свој потпис и со службен печат на ОЈО Штип. Вака составните записници, пријавената Кацарова како основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Штип, но и јавен обвинител кој постапувал во кривичниот предмет КО бр. 452/24, ги искористила за врз основа на истите крајно непрофесионално да донесе Наредба за отворање на истражна постапка против мене за кривично дело Малтретирање во вршење на служба од чл.143 в.в. со чл.45 од КЗ, без притоа да го примени начелото на задолжителна примена на поблаг закон предвидено во член 3 и да отвори истражна постапка за кривично дело, за кое со примена на цитираното начело предвидената законска казна била од една до пет години и притоа за ова кривично дело, предвидената законска постапка со примена на членот 468 од ЗКП би требало да биде скратена, и во никој случај не би требало да се донесе наредба за спроведување истражна постапка согласно член 292 од Законот за кривична постапка.

Па така, иако на првата страна од Записникот за испитување на сведокот/оштетена Валентина Калинковска заведен под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година, отсуствувале потписите од сведокот, јавниот обвинител и записничарот, и во истиот невистинито првопријавените како јавен обвинител со диктирање преку второпријавената како записничар во овој записник ги внеле невистинитите зборови ***„Испитувањето на сведокот започна во 20.00 часот,*** а на последната страна од Записникот и невистините зборови ***„Испитувањето на сведокот заврши во 21.08 часот“***, пријавената Татјана Кацарова, како јавен обвинител кој постапувал во кривичниот предмет на ОЈО Штип КО бр.452/24 и второпријавената Даниела Коцева Паунова, како запсиничар од Основното јавно обвинителство Штип, го потпишале овој записник и го завериле со печат на Основното јавно обвинителство Штип со што овозможиле правење исправа со невистинита содржина- **Записник за испитување на сведокот Калинковска Валентина , заведен под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година;**

Исто така, иако на првата страна од Записникот за испитување на сведокот/оштетената Жаклина Никодиновска, заведен под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година, отсуствувале потписи од овој сведок, и од јавниот обвинител , кој постапувал во кривичниот предмет на ОЈО Штип КО бр.452/24, пријавената Татјана Кацарова, а од записничар воопшто не било наведено ни име ни презиме, во истиот првопријавената како јавен обвинител ги внела следниве невистинити зборови ***„Испитувањето на сведокот започна во 20.26 часот“***, па на последната страна од Записникот исто така ги внела и овие невистини зборови ***„Испитувањето на сведокот заврши во 20.58 часот “*** по што пријавената Татјана Кацарова, како основен јавен обвинител на ОЈО Штип, но и јавен обвинител кој постапува во кривичниот предмет на ОЈО Штип КО бр.452/24, го потпишала овој записник и го заверила со службениот печат на Основното јавно обвинителство Штип со што овозможила правење исправа со невистинита содржина- **Записник за испитување на сведок-оштетен Жаклина Никодиновска, заведен под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година.**

**Дејствието на пријавените е идентично и во однос на** Записник за испитување на сведокот/ оштетената Ружица Јосифова под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година, па иако на првата страна од овој Записник, отсуствувале потписи од сведокот Ружица Јосифова , пријавената Татјана Кацарова, како потпис на јавен обвинител кој го водел испитувањето, а ниту пак било наведено име и презиме на записничарот кој го составувал записникот, пријавената Татајана Кацарова внела невистинити податоци: ***„Испитувањето на сведокот започна во 21.03 часот.“*** а на последната страна од Записникот и следниве невистините податоци ***„Испитувањето на сведокот заврши во 22.23 часот “*** , па пријавената Татјана Кацарова со свој потпис како јавен обвинител на ОЈО Штип и јавен обвинител кој го води кривичниот предмет во ОЈО Штип заведен под КО бр.452/24 го потпишала записникот и го заверила со службен печат на Основното јавно обвинителство Штип, со што овозможила правење исправа со невистинита содржина - **Записник за испитување на сведок-оштетен Ружица Јосифова под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година;**

Записникот за испитување на сведокот/оштетената Даниела Лапе, заведен под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година, е исто така службена исправа кој содржи невистинити податоци бидејќи иако на првата страна од истиот отсуствувале потписи на овој сведок, јавниот обвинител Татјана Кацарова како јавен обвинител кој го извршувал испрашувањето и од второпријавента Даниела Коцева Паунова, како записничар, првопријавената со диктирање преку второпријавената ги внела следниве невистинити податоци: ***„Испитувањето на сведокот започна во 21.15 часот„*** и на последната страна од Записникот исто така ги внела и овие невистинити податоци ***„Испитувањето на сведокот заврши во 21.55 часот“*, по што пријавената Татјана Кацарова, како основен јавен обвинител на ОЈО Штип, но и јавен обвинител кој постапува во кривичниот предмет КО бр.452/24 го заверила истиот со свој потпис како јавен**

обвинител кој го извршил испитувањето, на истиот се потпишана и **второпријавената** Даниела Коцева Паунова, како записничар, а на овој записник името и презимето на сведокот/оштетена Даниела Лапе биле допишани со рачен ракопис, со хемиски молив, покрај кои имало и краток потпис, па ваквиот записник бил заверен со службен печат на Основното јавно обвинителство Штип, со што овозможила правење исправа со невистинита содржина- **Записник за испитување на сведок КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година,** по што ваквите записници послужиле како докази во кривичната постапка во предметот на ОЈО Штип КО бр.452/24 и врз основа на истите била донесена Наредба за спроведување на истражна постапка против Мустафа Хајрулахи, виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје за кривично дело Малтретирање во вршење на службата од член Малтретирање во вршење на служба од чл.143 в.в. со чл.45 од Кривичниот законик.

Од сето наведено, Јавниот обвинител Татјана Кацарова на 05.11.2025 година во четири службени исправи Записници за испитување сведок/оштетен од кривичниот предмет на ОЈО Штип КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година, кој се води против мене за кривично дело Малтретирање во вршење на служба од чл.143 в.в. со чл.45 од КЗ, преку записничар, пријавенавата Даниела Коцева Паунова внела невистините податоци, па и јавниот обвинител и записничарот ги потпишале овие записници, иако истите содржеле невистинити податоци, па истите биле заверени и со службен печат на ОЈО Штип и како такви употребени како доказ во кривичниот предмет ОЈО Штип КО бр. 452/24, за врз основа на содржината која произлегува од овие записници да донесе Наредба за спроведување на истражна постапка , КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година, иако ткава наредба воопшто не можело да биде донесена доколку правилно се примениле одредбиде од член 3 од КЗ, член 292 и член 468 од ЗКП.

**Околноста која е релевантна за понатамошно постапување во врска со пријавениот настан е следнава, на четири записници за испитување на сведоци/оштетени се наведува временски период кој се поклопува меѓу себе односно по извршена анализа на записниците произлегува дека или јавниот обвинител истовремено испитувала повеќе сведоци што е спротивно на правилата на ЗКП, или физички била присутна на повеќе места, што е апсолутно нереална опција или пак записниците ги составил некој друг, а таа ги заверила со свој потпис на јавен обвинител кој го врши испитувањето и и на истите ставила службен печат на ОЈО Штип.**

Имено ја исклучувам можноста за постоење на техничка грешка од причина што времето на испитување на сведокот е клучна околност која го прави записникот веродостоен и кредибилен доказ, за што не може да се каже за конкретните четири записници.

**Од страна на јавниот обвинител Татјана Кацарова била извршена груба манипулација на наведените четири записници за испитување на сведок, па ценејќи ги конкретните инкриминирачки дејствија на пријавените во корелација со својството на пријавената Татајна Кацарова, ценам дека постои основи на сомнение дека првопријавената Татајана Кацарова го сторила кривичното дело Фалсификување службена исправа од член 361 ст.1 вв со чл. 45 од КЗ, додека пак пријавената Даниела Коцева Паунова, презела помагачки дејстија и го сторила кривичното дело Фалсификување службена исправа од член 361 ст.1 вв со чл. 45 вв со чл. 24 од КЗ**

Во прилог Ви доставувам копија од Записник за испитување на сведок Валентина Калинковска под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година, Записник за испитување на сведок Жаклина Никодиновска под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година, Записник за испитување на сведок Ружица Јосифова под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година и Записник за испитување на сведок Даниела Лапе под КО бр. 452/24 од 05.11.2024 година.

Едновремено би сакал оваа пријава да ја завршам со тоа што ќе ви укажам дека јас трпам штета од конкретниот кривично правен настан со оглед да во смисла на член 21 ст.1 т.5 од ЗКП- повредини се моите лични права-правото на работен однос со оглед да како последица од конкретната Наредба за спроведување на истрага КО бр.452/24 од 05.11.2024 година, на 11.11.2024 година Љупчо Коцевски донесол Одлука Дов бр. 49/2024 со кое јавниот обвинител Мустафа Хајрулахи, поради постоењето на предметната истражна постапка го оддалечил од вршењето на функцијата јавен обвиител сметано од 11.11.2024 година, 13.30 часот за времето па се додека траела кривичната постапка која се води против него пред ОЈО Штип.

Имајќи го предвид наведеното, сметам да укажам на моето својство на оштетен во оваа кривична постапка покрај својството на подносител на кривична пријава, и очекувм целсоно и доследно почитување на моите права на оштетен во смисла на член 57 од Законот за кривична постапка.

Скопје, 23.06.2025 година Оштетен/ Подносител, на кривична пријава пријава

Мустафа Хајрулахи